АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.02.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1023 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:** издавачите на печатени медиуми Друштво за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на весниците „Дневник", „Вест", „Утрински весник" и „Македонски спорт" и на магазинот „Теа модерна", Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Нова Македонија", Друштво за издавање и маркетинг АДРИА МЕДИА БАЛКАН ДОО Скопје, издавач на весникот „Слободен печат", Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Вечер", Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на весникот „Коха", Трговско друштво за новинско издавачка дејност, трговија, производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Капитал", Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Фокус", Друштво за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Република", Друштво со ограничена одговорност за новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО, издавач на весникот „Битолски весник", Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на магазините „Убавина и здравје", „Торти и колачи", „Лековити билки" и „ХроноГотвач", Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазините „Unique" и „Auto Focus", Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на магазинот „Авто плус", Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на весникот „Јени Балкан", Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Лајм", Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Економија и бизнис", Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на весникот „Заман" и на магазинот „Заман шќип", Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Портрет" и Друштво за производство, трговија, услуги и маркетинг МЕД ФОКУС ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Храна и вино", и тоа:

**2.1.** изданијата од 24 февруари 2017 година на дневните весници „Дневник" бр.6298, „Вест" бр.5003, „Утрински весник" бр.5316, „Македонски спорт" бр.5669, „Нова Македонија" бр.23983, „Слободен печат" бр.1000, „Вечер" бр.16384, „Коха" бр.3011 и „Лајм" бр.3268;

**2.2.** изданијата од 24 февруари 2017 година на неделните весници „Капитал" бр.904, „Фокус" бр.1116, и „Република" бр.234;

**2.3.** изданието од 22 февруари 2017 година на неделниот весник „Битолски весник" бр.2699;

**2.4.** изданието од 14-20 февруари 2017 година на неделниот весник „Заман" бр.1075;

**2.5.** изданието од 13-20 февруари 2017 година на неделниот весник „Јени Балкан" бр.650;

**2.6.** изданието од 22 февруари 2017 година на неделниот магазин „Теа модерна" бр.850;

**2.7.** изданијата за месец февруари 2017 година на магазините „Заман шќип" бр.134, „Лековити билки" бр.22, „Авто плус" бр.268, „Економија и бизнис„ бр.224, „Портрет" бр.15 и „Храна и вино" бр.149;

**2.8.** изданието за месец јануари 2017 година на магазинот „Auto focus" бр.112;

**2.9.** изданието за месеците јануари и февруари 2017 година на магазинот „Убавина и здравје" бр.104;

**2.10.** изданијата за месеците февруари и март 2017 година на магазините „Торти и колачи" бр.30 и „ХроноГотвач" бр.6, и

**2.11.** изданието за месец март 2017 година на магазинот „Unique" бр.87.

**3. Датум на извршување на надзорот:** 27-ми февруари 2017 година

**4. Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

**5. Констатации од надзорот:** Сите печатени медиуми опфатени со надзорот во целост ја исполниле обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***